м-р Стефан Стефанов

# Анализа

# НА БУЏЕТОТ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СРЕДСТВАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО ЗА ПЕРИОД 2011 – 2015

**Издавач**
Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

**За издавачот**
Христијан Јанкулоски, извршен директор, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

**Наслов**
Анализа на буџетот и реализација на средствата на Министерството за здравство за период 2011 - 2015

**Автор**
м-р Стефан Стефанов

**Лектура**
Весна Костоска

**Дизајн**
koma.com.mk

**Печати**

Цитирајте ја оваа публикација на следниов начин:

Стефанов, Стефан. Анализа на буџетот и реализација на средствата на Министерството за здравство за период 2011 - 2015. Скопје: Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, 2017.

CIP - ДА СЕ ЗЕМЕ ОД НУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

Признание

Оваа анализа на буџетот и реализација на средствата на Министерството за здравство за период 2011 – 2015, беше овозможена со финансиска поддршка од Фондација „Отворено општество – Македонија“.

Анализата немаше да биде можна без податоците добиени од секторот финансиски прашања при Министерството за здравство.

# Содржина


Вовед 4

Методологија 6

Буџет на Република Македонија 8

Планирани расходи 12

Реализација на средства 20

Ситуација во 2016 и во 2017 година 28

Заклучок 32

Библиографија 36

# Вовед

Програмите за намалување на штети од употреба на дроги преку кои се обезбедуваат здравствени, социјални, правни, психолошки и други услуги за луѓето кои употребуваат дроги во Македонија од ноември 2004 година до крајот на 2016 година се финансираат со средства обезбедени од „Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија“. Со последните измени, периодот на финансирање на овие програми е продолжен до 30 јуни 2017 година. Примарен прималел на овие средства е Министерството за здравство, односно посебната единица во склоп на Министерството за здравство. Со цел полесно одржување на 16-те програми за намалување на штети распоредени во 13 сет различни градови во Македонија, Министерството за здравство како примарен прималел, односно посебната единица распределува дел од овие средства на секундарни приматели (здруженија на граѓани) по претходно утврдени договори кои се потпишани од министерот за здравство.

Договорот меѓу „Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија“ и Република Македонија налага по завршувањето на финансирањето од страна на „Глобалниот фонд“ финансирањето на овие програми да го преземе Владата на Република Македонија. Сепак последните навестувања од Владата на Република Македонија, преку изгласаниот Буџет за 2017 година, покажуваат дека нема да има доволно средства за продолжување на финансирањето на програмите за намалување на штети. Активностите за ефикасна превенција, третман и грижа, како и поддршка на ХИВ/СИДА во Македонија се доведени во прашање. Според направените процени, во зависност од моделот на финансирање, годишниот буџет за финансирање на програмите за намалување на штети изнесува меѓу 27 391 501,00 денари (во понатамошниот дел од текстот: 27 392 илјади денари) и 34 856 929,00 денари (во понатамошниот дел од текстот: 34 857 илјади денари) (Деков 2015).

Поради тоа што одржувањето на програмите за намалување на штети уште од претходно беше доведено до неизвесност, Здружението на граѓани ХОПС – Опции за здрав живот Скопје презеде иницијатива за изнаоѓање средства кои ќе овозможат понатамошно финансирање на програмите за намалување на штети. Составен дел на оваа иницијатива се спроведените истражувања за процена на можностите за одржливо финансирање на програмите за намалување на штети од буџетите на поединечните програми на Министерството за здравство на Република Македонија и на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија[1], како и ова истражување на буџетите и реализацијата на средствата на сите програми и потпрограми на Министерството за здравство на Република Македонија. Резултатите од ова истражување се прикажани во понатамошниот дел од овој текст.

1 Види: Деков 2015; Димитриевски, Јанкулоски и Стефанов 2015; Димитриевски, Јанкулоски и Стефанов 2016.

# Методологија

За потребите на ова истражување, односно процената на можностите за финансирање на програмите за намалување на штети во рамките на самите програми и потпрограми на Министерството за здравство на Република Македонија е спроведена преку мониторинг на:

- Буџетот и реализацијата на средствата на програмите и на потпрограмите на Министерството за здравство на Република Македонија за период од 2011 до 2015 година;
- Буџетот на програмите и потпрограмите на Министерството за здравство на Република Македонија за 2016 и за 2017 година.

При истражувањето беа користени официјални податоци од Буџетот на Република Македонија и од Годишната завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за период од 2011 до 2015 година, објавени во „Службен весник“ на Република Македонија и на официјалната страница на Министер-

ството за финансии на Република Македонија[2]. Користени се и официјални податоци за Буџетот на Република Македонија за 2016 и за 2017 година кои, исто така, се објавени во „Службен весник“ на Република Македонија и на официјалната страница на Министерството за финансии на Република Македонија[3]. За податоците за реализацијата на средствата по програми и потпрограми на Министерството за здравство на Република Македонија за периодот од 2011 година до 2013 година беа испратени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерството за здравство на Република Македонија.

Целта на оваа анализа е Буџетот и реализацијата на средствата на Министерството за здравство. Преку анализирањето на планираните расходи и нивната реализација на ниво на Министерството за здравство и подетално на ниво на самите програми и потпрограми на Министерството, со оваа анализа се прави обид да се утврди дали постои можност за понатамошно финансирање на програмите за намалување на штети. Исто така со цел подобро да се разберат наодите на оваа анализа потребно е и да се објасни Буџетот на Република Македонија, самиот процес на буџетирање, кои се основите за подготвување на буџетите, од што се состои Буџетот, како и структурата на Буџетот на Република Македонија.

2 Податоците за Буџетот за 2011 година се земени од Службен весник бр. 161/10 и 128/11, за Буџетот за 2012 година од Службен весник бр. 180/11 и 71/12, за Буџетот за 2013 година од Службен весник бр. 167/12 и 152/13, за Буџетот за 2014 година од Службен весник бр. 180/13 и 133/14 и за Буџетот за 2015 година од Службен весник бр. 155/14 и 144/15. Податоците за реализацијата на средствата за 2011 година се земени од Завршната сметка на Буџетот од Службен весник бр. 114/12, за 2012 година од Службен весник бр. 157/13, за 2013 година од Службен весник бр. 107/14, за 2014 година од Службен весник бр. 108/15 и за 2015 година од Службен весник бр. 128/16.

3 Податоците за Буџетот за 2016 година се добиени од Службен весник бр. 209/15, 143/16 и 179/16, за Буџетот за 2017 година од Службен весник бр. 191/16.

# Буџет на Република Македонија

Буџетот на државата претставува систематски преглед на сите приходи и расходи што државата ќе ги реализира во текот на еден планиран период, односно во текот на една буџетска година. Во Република Македонија постапката за изготвување, за донесување и за извршување на Буџетот на РМ и на буџетите на единиците на локалната самоуправа и на градот Скопје се уредува со Законот за буџети[4]. Буџетската, односно фискалната година во согласност со Законот за буџети[5] изнесува 12 месеци и започнува на 1 јануари и завршува на 31 декември. Буџетот во РМ ги содржи одобрените средства по буџетски корисници (корисници од прва линија од областа на законодавната, на извршната и на судската власт, фондовите, корисниците на буџетите на општините и корисниците основани со закон на кои им е доверено вршење на јавни овластувања[6] и утврдени намени кои се однесуваат на финансирање на тековните, на капиталните и на другите расходи на буџетските

4 Службен весник бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09 и 95/10.

5 Службен весник бр. 64/05, член 5.

6 Службен весник бр. 64/05, член 2.

корисници и нивните единки корисници за извршување на активностите претставени преку програми и потпрограми. Програмите претставуваат збир на поврзани сродни активности и проекти насочени кон остварување на заедничка цел или цели, додека пак потпрограма е активност или проект кој е составен дел на програмата.

Процесот на буџетирање е комплексен процес кој е составен од меѓусебно поврзани и зависни процеси. Буџетирањето за тековната година започнува во претходната година со донесување на стратешките приоритети на Владата, а завршува наредната година со донесувањето на конечниот ревизорски извештај од страна на Државниот завод за ревизија кој се изготвува по завршувањето на фискалната година. По извршената ревизија од Државниот завод за ревизија, министерот за финансии ја доставува завршната сметка на Буџетот на Република Македонија до Владата на Република Македонија најдоцна до 31 мај. По утврдувањето на завршната сметка од страна на Владата на РМ, таа се доставува за разгледување и за донесување до Собранието на РМ најдоцна до 30 јуни[7].

Основа за подготвување на буџетите се:

- Стратешките приоритети на Владата на РМ;
- Фискалната стратегија;
- Предлог стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика;
- Приоритетите на општините.

Владата на РМ ги одредува стратешките приоритети за развој на земјата како збир на цели и на иницијативи кои буџетските корисници на централната власт и фондовите задолжително ги вклучуваат во своите буџети преку владини програми и потпрограми. Буџетските корисници изготвуваат тригодишен стратешки план во кој се содржани сите програми и активности за остварување на стратешките приоритети на Владата, како и целите, приоритетите на буџетскиот корисник за тој период. Стратешките планови на буџетските корисници содржат квантификувани програми, активности, цели и приоритети на буџетскиот корисник кои не треба да ги надминуваат максималните износи на одобрени средства за наредните три фискални години утврдени преку фискалната стратегија на Владата на РМ[8]. Со фискалната стратегија на Владата на РМ за период од три години се предлагаат насоките и целите на фискалната политика и се утврдуваат износите за главните категории на проценетите приходи и одобрените средства за тој период[9]. Преку фискалната стратегија се воспоставува врска меѓу стратешките приоритети и расположливите средства во Буџетот.

Буџетот на РМ се состои од Централен буџет и Буџет на фондовите. Централниот буџет се состои од[10]:

- **Основен буџет** – годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства со Буџетот за финансирање на основните надлежности на буџетските корисници;

7 Службен весник бр. 64/05, член 52.

8 Службен весник бр. 171/12, член 15а.

9 Службен весник бр. 64/05, член 16.

10 Службен весник бр. 64/05, член 2.

- **Буџет од самофинансирачки активности** – годишен план на приходите од активностите на буџетските корисници, односно единките корисници кои се дополнителни на основните активности дефинирани со закон и на одобрените средства;
- **Буџет на донации** – годишен план на приходите од донации и одобрените средства кои се користат строго наменски и во согласност со договор склучен со донаторот;
- **Буџет на заеми** – годишен план на приливи од заеми и одобрените средства кои се користат за финансирање на надлежност, на програми и на проекти.

Буџетот на РМ е структуриран според буџетски класификации кои претставуваат хиерархиски приказ на шифрите наменети за класификување на функциите, на организациските единици, на активностите и на економските трансакции на единствен и на конзистентен начин. Буџетските класификации се користат за идентификување на специфичните намени на буџетските средства, за контрола на наменското користење на одобрените средства со Буџетот при извршување на Буџетот и за изготвување на потребните анализи, извештаи и годишната сметка. Во согласност со Законот за буџетите, буџетски класификации се:

- **Организациска класификација** – структура на шифри за класификување на буџетските корисници и нивното структурно подредени единици во хиерархиската организациска структура на државата;
- Економска класификација – структура на шифри за класификување на планирани и на реализирани приходи и приливи, одобрени средства со Буџетот, права за трошење, преземени обврски и реализирани расходи и одливи;
- Функционална класификација – класификација на функциите на централната власт и општините во согласност со прифатената меѓународна класификација пропишана од страна на Обединетите нации;
- Програмска класификација – структура на шифри за класификување на програмите и на потпрограмите утврдени со Буџетот.

Од интерес на оваа анализа е програмската класификација. Во Буџетот на РМ од 2006 година започна да се применува сеопфатна одгоре надолу програмска класификација, односно трошоците на буџетските корисници по намени се групираат и се планираат по програми. Програмите, во зависност од целите и од приоритетите кои ги исполнуваат, се делат на владини и на буџетски. Владините програми се дефинираат од страна на Владата на РМ и нивна цел е остварување на приоритети на Владата. Буџетските програми ги дефинираат самите буџетски корисници и нивна цел е остварување на сопствените надлежности и цели. Со Законот за измени и дополнување

на Законот за буџетите од 2008 година[11], односно со Буџетот за 2009 година воведен е и развоен дел на Буџетот. Развојниот дел ги содржи плановите и програмите за развој на буџетските корисници, односно развојните програми. Развојните програми ги прикажуваат потребните средства наменети за развој на нови технологии, за подобрување на инфраструктурата, за телекомуникациските системи, за изградба и за реновирање на патишта, на згради, за набавка на софтверски решенија и слично. Буџетските корисници сами ја дефинираат програмската класификација на своите програми следејќи ги насоките дефинирани од страна на Министерството за финансии:

- Владините програми се обележуваат со буква;
- Буџетските програми се обележуваат со бројка;
- Потпрограмите на владините и на буџетските програми се обележуваат со бројка;
- Развојните програми во состав на владините програми се обележуваат со две букви;
- Развојните програми во состав на буџетските програми се обележуваат со бројка и со буква.

11 Службен весник бр. 04/08.

# Планирани

## РАСХОДИ

Расходите на Централниот буџет на буџетските корисници од година во година се сѐ поголеми. Планираните расходи на буџетските корисници се зголемуваат секоја година за во 2015 година изгласаните расходи да бидат 157 616 781 илјади денари, што е за 37 394 525 илјади денари повеќе во однос на 2011 година, односно ова е зголемување 31,10 %. Разликата е уште поголема ако се земе предвид ребалансот на Буџетот кој е направен во 2015 година со што планираните расходи во 2015 година се за 38,91 % поголеми во однос на 2011 година, односно за 46 777 304 илјади денари.

Табела бр. 1

Расходи на Централниот буџет по буџетски корисници
за период од 2011 до 2015 година (во илјади денари)

| Година | Изгласан Буџет | Ребаланс/ пренамени | Разлика |
|---|---|---|---|
| 2011 | 120.222.256 | 120.222.256 | 0 |
| 2012 | 125.961.350 | 119.925.150 | -6.036.200 |
| 2013 | 136.887.374 | 139.932.976 | 3.045.602 |
| 2014 | 140.642.682 | 139.700.311 | -942.371 |
| 2015 | 157.616.781 | 166.999.560 | 9.382.779 |

Планираните расходи на Министерството за здравство во однос на вкупно планираните расходи на сите буџетски корисници во 2011 година изнесувале 2,60 %, во периодот од 2012 до 2014 година се движат на околу 4,40 %, додека пак во 2015 година изнесуваат 3,76 % од вкупните расходи на Централниот буџет на буџетските корисници. Со усвоената пренамена и со усвоените ребаланси, планираните расходи на Министерството за здравство во 2011 година учествуваат со 2,58 %, во 2012 година со 4,50 %, во 2013 и во 2014 година со 4,57 %, односно 4,28 % и во 2015 година со 3,67 % во расходите на Централниот буџет на РМ на сите буџетски корисници.

*Табела бр. 2*

Планирани расходи на Министерството за здравство за период од 2011 до 2015 година (во илјади денари)

| Година | Изгласан Буџет | Ребаланс/ пренамени | Разлика |
|---|---|---|---|
| 2011 | 3.128.808 | 3.104.708 | -24.100 |
| 2012 | 5.529.529 | 5.397.615 | -131.914 |
| 2013 | 5.977.749 | 6.397.806 | 420.057 |
| 2014 | 6.238.218 | 5.980.591 | -257.627 |
| 2015 | 5.932.704 | 6.132.124 | 199.420 |

Од горната табела може да се заклучи дека изгласаните расходи на Министерството за здравство од 2011 година до 2014 година постојано се зголемуваат за во 2015 година да се намалат и се пониски од планираните расходи во 2013 година. Најголемо зголемување има во 2012 година во однос на 2011 година и тоа од 2 400 721 илјади денари или зголемување за 76,73 %. Во периодот од 2013 до 2015 година нема некои позначајни промени во однос на 2012 година. Во 2013 и во 2014 година има зголемување на планираните расходи на Министерството за здравство, кои во 2015 година се намалени во однос на 2014 година за 4,90 %, односно за 305 514 илјади денари. Сепак со усвоените ребаланси во периодот од 2012 до 2015 година најголеми планирани расходи Министерството за здравство имало во 2013 година и изнесувале 6 397 806 илјади денари, во 2014 година се намалуваат за 6,52 % и се под 6 милиони илјади денари, додека пак во 2015 година повторно се зголемуваат за 151 533 илјади денари, односно 2,53 % и планираните расходи изнесуваат 6 132 124 илјади денари. Со извршената пренамена и со усвоените ребаланси, предвидените расходи на Министерството за здравство се коригирани со што во 2011, во 2012 и во 2014 година предвидените расходи се намалени во однос на првично усвоените за 0,77 %, 2,39 % и 4,13 % респективно. Со усвоените ребаланси во 2013 и во 2015 година предвидено е зголемување на планираните расходи при што во 2013 година предвидено е најголемо зголемување од 7,03 %, додека пак предвиденото зголемување на расходите во 2015 година е зголемено за 3,36 %.

За периодот од 2011 до 2015 година, планираните расходи на Министерството за здравство се распределени во 11 (единаесет) програми, и тоа:

1. Администрација;
2. Државен, санитарен и здравствен инспекторат;
3. Агенција за лекови;
4. Национална програма за трансплантација;
5. Здравствена заштита;
6. Куративна здравствена заштита за превенција;
7. Детекција за радијациона сигурност;
8. Поддршка на имплементацијата на декадата и стратегијата за Ромите;
9. Агенција за акредитација;
10. Реформа во здравството;
11. Реформа во јавната администрација.

Во Програмата 1. Администрација се сместени развојните програми на Министерството за здравство, додека пак програмите И. Реформа во здравството и К. Реформа во јавната администрација се развојни програми на Владата на РМ.

Како што може да се забележи од табелата бр. 3, зголемените планирани расходи во 2012 година во однос на 2011 година потекнуваат од зголемување на планираните расходи во програмите Администрација и Куративна здравствена заштита. Сите варијации во планираните расходи најмногу потекнуваат од варијациите во планираните расходи во овие две програми кои имаат највисоки планирани расходи и од Програмата 5. Здравствена заштита која е трета според висината на планираните расходи. Другите програми на Министерството за здравство немаат толку големи планирани расходи и нивните промени не можат значително да влијаат врз вкупните расходи на Министерството. Со изгласувањето на пренамените и на ребалансите процентуално најмногу намалувања има во Програмата 5. Здравствена заштита, и тоа во три години (2011, 2012 и 2014 година). Намалувања во период од три години има и во Програмата 1. Администрација, и тоа во 2011, во 2012 и во 2014 година, но во помал процент во однос од првично изгласаните расходи, додека пак во 2013 и во 2015 година има значителни зголемувања по изгласаните пренамени и ребаланси. Во периодот од 2011 до 2015 година, во Програмата 6. Куративна здравствена заштита со изгласаните пренамени и ребаланси најчесто се врши зголемување на предвидените расходи, освен во 2014 година кога има намалување на предвидените расходи.

Доколку навлеземе малку подлабоко и во самите потпрограми на Министерството за здравство (табела бр. 3) ќе забележиме дека зголемувањето на планираните расходи во 2012 година во однос на 2011 година најмногу потекнува од две потпрограми, и тоа во Програмата Администрација, Потпрограма 1Б. Медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РМ која е зголемена за 850 000 илјади денари или 94 % и, пред сè, во Програмата 6. Куративна здравствена заштита, Потпрограмата 66. Целосно здравствено осигурување и здравствена заштита на граѓаните на РМ, каде што има зголемување од 887 % или од 1 298 000 илјади денари. Оваа потпрограма и во 2013 година има пораст во однос на 2012 година и тоа од 45,41 % или зголемување од 664 355 илјади денари, во 2014 година планираните расходи во однос на 2013 година се малку

**Табела бр. 3** Планирани расходи на Министерството за здравство по програми и потпрограми за период од 2011 до 2015 година (во илјади денари)

| | Назив на програма и потпрограми / Години | 2011 | | | 2012 | | | 2013 | | | 2014 | | | 2015 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика |
| **1.** | **АДМИНИСТРАЦИЈА** | **1.505.501** | **1.489.682** | **-15.819** | **2.606.058** | **2.345.152** | **-260.906** | **2.342.771** | **2.679.960** | **337.189** | **1.982.143** | **1.882.641** | **-99.502** | **1.635.678** | **1.760.122** | **124.444** |
| 10. | Администрација | 158.803 | 160.184 | 1.381 | 179.058 | 165.292 | -13.766 | 193.668 | 226.657 | 32.989 | 103.605 | 125.103 | 21.498 | 188.576 | 405.720 | 217.144 |
| 1А. | Реконструкција и доградба на објектите на ЈЗУ во РМ | 264.498 | 264.498 | 0 | 481.000 | 398.860 | -82.140 | 373.150 | 667.650 | 294.500 | 587.992 | 659.909 | 71.917 | 270.487 | 290.961 | 20.474 |
| 1Б. | Медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РМ | 900.000 | 922.580 | 22.580 | 1.750.000 | 1.700.000 | -50.000 | 1.657.553 | 1.657.553 | 0 | 1.026.505 | 854.915 | -171.590 | 423.000 | 423.000 | 0 |
| 1В. | Изградба на амбуланти во рурални подрачја | 9.190 | 9.190 | 0 | 17.000 | 7.000 | -10.000 | 8.800 | 7.800 | -1.000 | 2.000 | 1.700 | -300 | 2.000 | 2.000 | 0 |
| 1Г. | Интегриран здравствен информатички систем | 33.780 | 0 | -33.780 | 20.000 | 0 | -20.000 | 2.000 | 2.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1Д. | Имплементација на здравствена картичка | 45.070 | 41.070 | -4.000 | 100.000 | 50.000 | -50.000 | 21.000 | 41.000 | 20.000 | 45.000 | 45.000 | 0 | 73.000 | 2.800 | -70.200 |
| 1Е. | Изградба на дијагностички центар при клиничката болница во Тетово | 85.160 | 85.160 | 0 | 30.000 | 20.000 | -10.000 | 40.000 | 40.000 | 0 | 70.000 | 60.200 | -9.800 | 43.610 | 43.110 | -500 |
| 1Ј. | Изградба на ПЕТ центар | 9.000 | 7.000 | -2.000 | 29.000 | 4.000 | -25.000 | 46.600 | 37.300 | -9.300 | 147.041 | 135.814 | -11.227 | 359.156 | 359.156 | 0 |
| 1К. | Изградба на нов клинички центар во Скопје и Штип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 275.849 | 233.375 | -42.474 |
| **2.** | **ДРЖАВЕН, САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ** | **59.746** | **60.496** | **750** | **62.375** | **66.024** | **3.649** | **74.778** | **130.737** | **55.959** | **17.850** | **21.540** | **3.690** | **0** | **0** | **0** |
| 20. | Државен, санитарен и здравствен инспекторат | 59.746 | 60.496 | 750 | 62.375 | 66.024 | 3.649 | 74.778 | 130.737 | 55.959 | 17.850 | 21.540 | 3.690 | 0 | 0 | 0 |
| **3.** | **АГЕНЦИЈА НА ЛЕКОВИ** | **83.088** | **84.318** | **1.230** | **80.678** | **93.423** | **12.745** | **99.664** | **110.953** | **11.289** | **139.348** | **207.091** | **67.743** | **148.686** | **107.418** | **-41.268** |
| 30. | Агенција за лекови | 83.088 | 84.318 | 1.230 | 80.678 | 93.423 | 12.745 | 99.664 | 110.953 | 11.289 | 139.348 | 207.091 | 67.743 | 148.686 | 107.418 | -41.268 |
| **4.** | **НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ТРАНСПЛАТАЦИЈА** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **30.000** | **30.000** | **0** | **30.000** | **30.000** | **0** |
| 40. | Национална програма за трансплатација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 30.000 | 0 | 30.000 | 30.000 | 0 |
| **5.** | **ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | **555.591** | **496.091** | **-59.500** | **496.091** | **306.863** | **-189.228** | **544.068** | **546.523** | **2.455** | **598.819** | **449.039** | **-149.780** | **731.069** | **731.069** | **0** |
| 50. | Превенција од кардиоваскуларни болести | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 10.000 | 0 | 10.000 | 8.000 | -2.000 | 23.000 | 23.000 | 0 |

| | Назив на програма и потпрограми / Години | 2011 | | | 2012 | | | 2013 | | | 2014 | | | 2015 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика |
| 51. | Систематски прегледи на учениците и студентите | 21.000 | 11.000 | -10.000 | 10.000 | 5.610 | -4.390 | 9.700 | 9.700 | 0 | 12.770 | 12.770 | 0 | 12.770 | 12.770 | 0 |
| 52. | Организирање и унапредување на крводарителството | 14.000 | 9.000 | -5.000 | 9.000 | 5.000 | -4.000 | 12.000 | 12.000 | 0 | 16.000 | 15.020 | -980 | 16.000 | 16.000 | 0 |
| 53. | Превентивна здравствена заштита | 95.000 | 80.000 | -15.000 | 80.000 | 42.000 | -38.000 | 60.000 | 60.000 | 0 | 70.000 | 55.000 | -15.000 | 58.000 | 58.000 | 0 |
| 54. | Задолжителна имунизација на населението | 195.000 | 207.000 | 12.000 | 207.000 | 87.000 | -120.000 | 270.000 | 270.000 | 0 | 240.000 | 120.000 | -120.000 | 300.000 | 300.000 | 0 |
| 55. | Испитување на појавата, рашireноста, спречувањето и сузивањето на бруцелозата кај луѓето | 8.000 | 4.000 | -4.000 | 4.000 | 2.000 | -2.000 | 2.000 | 2.000 | 0 | 2.500 | 1.500 | -1.000 | 2.500 | 2.500 | 0 |
| 56. | Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението | 63.232 | 58.232 | -5.000 | 54.384 | 53.512 | -872 | 56.899 | 56.899 | 0 | 74.564 | 73.144 | -1.420 | 109.524 | 109.524 | 0 |
| 57. | Заштита на населението од СИДА | 89.359 | 86.859 | -2.500 | 91.707 | 87.859 | -3.848 | 88.469 | 88.469 | 0 | 128.485 | 128.485 | 0 | 173.775 | 173.775 | 0 |
| 58. | Активна здравствена заштита на мајките и децата | 20.000 | 10.000 | -10.000 | 10.000 | 7.000 | -3.000 | 10.000 | 10.000 | 0 | 11.500 | 8.600 | -2.900 | 9.500 | 9.500 | 0 |
| 59. | Рана детекција на малигни заболувања | 50.000 | 30.000 | -20.000 | 30.000 | 16.882 | -13.118 | 25.000 | 27.455 | 2.455 | 33.000 | 26.520 | -6.480 | 26.000 | 26.000 | 0 |
| 6. | Куративна здравствена заштита за превенција | 850.000 | 900.000 | 50.000 | 2.274.600 | 2.575.373 | 300.773 | 2.904.355 | 2.917.655 | 13.300 | 3.451.200 | 3.371.201 | -79.999 | 3.365.000 | 3.480.000 | 115.000 |
| **60.** | **ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ** | **3.000** | **3.000** | **0** | **3.000** | **2.000** | **-1.000** | **2.000** | **2.000** | **0** | **6.000** | **4.000** | **-2.000** | **6.000** | **6.000** | **0** |
| 61. | Здравствена заштита на лица со душевни растројства | 68.000 | 53.000 | -15.000 | 53.000 | 33.350 | -19.650 | 36.000 | 36.000 | 0 | 65.000 | 60.000 | -5.000 | 43.000 | 43.000 | 0 |
| 62. | Здравствена заштита на лица со болести на зависности | 70.000 | 65.000 | -5.000 | 65.000 | 41.000 | -24.000 | 55.000 | 55.000 | 0 | 80.000 | 77.000 | -3.000 | 78.000 | 78.000 | 0 |
| 63. | Здравствена заштита на болни кои се третираат со дијализа | 30.000 | 20.000 | -10.000 | 16.600 | 5.423 | -11.177 | 7.000 | 7.000 | 0 | 9.000 | 9.000 | 0 | 30.000 | 30.000 | 0 |
| 64. | Партиципација за осигурени лица | 54.000 | 44.000 | -10.000 | 54.000 | 24.000 | -30.000 | 35.000 | 35.000 | 0 | 108.200 | 108.201 | 1 | 107.000 | 82.000 | -25.000 |

| | Назив на програма и потпрограми / Години | 2011 | | | 2012 | | | 2013 | | | 2014 | | | 2015 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика |
| 65. | Лекување на ретки болести | 10.000 | 50.000 | 40.000 | 60.000 | 42.000 | -18.000 | 40.000 | 50.300 | 10.300 | 80.000 | 80.000 | 0 | 90.000 | 190.000 | 100.000 |
| 66. | Целосно здравствено осигурување и здравствена заштита на граѓаните на РМ | 165.000 | 165.000 | 0 | 1.463.000 | 1.963.000 | 500.000 | 2.127.355 | 2.130.355 | 3.000 | 2.106.000 | 2.106.000 | 0 | 2.206.000 | 2.206.000 | 0 |
| 67. | Обезбедување на инсулин за инсулино-зависни пациенти во РМ | 450.000 | 500.000 | 50.000 | 560.000 | 464.600 | -95.400 | 545.000 | 545.000 | 0 | 900.000 | 830.000 | -70.000 | 730.000 | 730.000 | 0 |
| 68. | Болничко лекување без наплата на партиципација за пензионери со пензија пониска од просечната во РМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37.000 | 37.000 | 0 | 47.000 | 47.000 | 0 | 35.000 | 35.000 | 0 |
| **69.** | **ЕДУКАЦИЈА НА ЛЕКАРИ И МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **20.000** | **20.000** | **0** | **50.000** | **50.000** | **0** | **40.000** | **80.000** | **40.000** |
| 7. | Детекција за радијациона сигурност | 10.428 | 9.817 | -611 | 9.423 | 9.476 | 53 | 10.013 | 9.878 | -135 | 11.808 | 12.029 | 221 | 14.121 | 14.950 | 829 |
| 71. | Детекција за радијациона сигурност | 10.428 | 9.817 | -611 | 9.423 | 9.476 | 53 | 10.013 | 9.878 | -135 | 11.808 | 12.029 | 221 | 14.121 | 14.950 | 829 |
| **8.** | **ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ДЕКАДАТА И СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИТЕ** | **204** | **204** | **0** | **204** | **1.204** | **1.000** | **2.000** | **2.000** | **0** | **3.500** | **3.500** | **0** | **3.500** | **3.500** | **0** |
| 80. | Поддршка на имплементацијата на декадата и стратегијата за ромите | 204 | 204 | 0 | 204 | 1.204 | 1.000 | 2.000 | 2.000 | 0 | 3.500 | 3.500 | 0 | 3.500 | 3.500 | 0 |
| **9.** | **АГЕНЦИЈА ЗА АКРЕДИТАЦИЈА** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.450** | **3.450** | **0** | **4.550** | **4.965** | **415** |
| 91. | Агенција за акредитација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.450 | 3.450 | 0 | 4.550 | 4.965 | 415 |
| **И.** | **РЕФОРМА ВО ЗДРАВСТВОТО** | **64.000** | **64.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| ИА | Реформа во здравството | 64.000 | 64.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **К.** | **РЕФОРМА ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА** | **250** | **100** | **-150** | **100** | **100** | **0** | **100** | **100** | **0** | **100** | **100** | **0** | **100** | **100** | **0** |
| К2. | Стручно оспособување и усовршување | 250 | 100 | -150 | 100 | 100 | 0 | 100 | 100 | 0 | 100 | 100 | 0 | 100 | 100 | 0 |
| | ВКУПНО | 3.128.808 | 3.104.708 | -24.100 | 5.529.529 | 5.397.615 | -131.914 | 5.977.749 | 6.397.806 | 420.057 | 6.238.218 | 5.980.591 | -257.627 | 5.932.704 | 6.132.124 | 199.420 |

намалени и тоа за 1 %, додека пак во 2015 година се повторно зголемени и тоа за 100 000 илјади денари или 4,75 %. Како што споменавме погоре, најмногу намалување во однос на првично изгласаните расходи има во Програмата 5. Здравствена заштита, но она што е доста интересно е што има намалување во речиси сите потпрограми. Така во 2011 година има намалување во сите потпрограми, освен во Потпрограмата 54. Задолжителна имунизација на населението каде што има зголемување од 6,15 %, во 2012 година има намалување на планираните расходи во сите потпрограми и тоа во вкупен износ од 189 228 илјади денари или намалување од 38,4 %, во 2014 година, освен Потпрограмата 57. Заштита на населението од СИДА која е непроменета, има намалување кај сите други потпрограми и тоа за 25,01 % или за 149 780 илјади денари, додека пак во 2013 и во 2015 година кога со ребалансите вкупните расходи на Министерството се зголемени, во Програмата 5. Здравствена заштита нема некои значителни промени, во 2013 година единствена промена е во Потпрограмата 59. Рана детекција на малигни заболувања која е зголемена за 2 455 илјади денари или за 9,82 %, додека пак во 2015 година нема никакви промени во ниедна потпрограма од Програмата 5. Здравствена заштита. Во Програмата 6. Куративна здравствена заштита за превенција во годините 2011, 2012 и 2014 со изгласаните пренамени и ребаланси постојано има намалување во потпрограмите 61 и 62, односно потпрограмите Здравствена заштита на лица со душевни растројства и Здравствена заштита на лица со болести на зависности. Потпрограмата 60. Здравје за сите во 2011 година останува непроменета, но има намалувања во 2012 и во 2014 година, Потпрограмата 64. Партиципација за осигурени лица има намалување на планираните расходи во 2011 и во 2012 година, а во 2014 година има незначително зголемување од 1 (една) илјада денари. Во Потпрограмата 66. Целосно здравствено осигурување и здравствена заштита на граѓаните на РМ, покрај зголемувањето на планираните расходи во 2012 година во однос на 2011 година, во 2012 година со ребалансот тие повторно се зголемени и тоа за 34,18 % или 500 000 илјади денари. И во 2013 година со изгласаниот ребаланс планираните расходи на оваа потпрограма се зголемени, но сега само за 3 000 илјади денари или само за 0,14 %, додека пак во 2011, во 2014 и во 2015 година по изгласувањето на пренамените и на ребалансите оваа потпрограма не трпи промени. Во оваа програма позначителни промени има и во потпрограмите 65. Лекување на ретки болести и 67. Обезбедување на инсулин за инсулино-зависни пациенти во РМ. Во 2011 година, Потпрограмата 65. Лекување на ретки болести е зголемена за 500 %, односно за 40 000 илјади денари за во 2012 година таа да биде намалена за 30 %, односно 18 000 илјади денари, во 2013 година повторно е зголемена од 40 000 на 53 000 илјади денари, односно зголемена е за 25,75 %, во 2014 година нема промени, но затоа во 2015 година е зголемена за 100 000 илјади денари, односно за 211,11 %. Потпрограмата 67. Обезбедување на инсулин за инсулино-зависни пациенти во РМ исто така има значителни промени, но она што е интересно е дека во 2011 година е зголемена за 11,11 % или за 50 000 илјади денари, од 450 000 на 500 000 илјади денари, за во 2012 и во 2014 година да

има намалувања и тоа во 2012 година за 95 400 илјади денари или за 17,04 %, додека пак во 2014 година намалувањето е за 7,78 % или 70 000 илјади денари. Претходно се забележа дека позначителни промени има и во Програмата 1. Администрација. Сепак овој дел треба да се земе малку со резерва затоа што во оваа програма се наоѓаат сите развојни програми на Министерството за здравство каде што во голем дел од потпрограмите се предвидени и градежни активности чии планирани расходи зависат од текот на градежните работи и од тоа произлегуваат промените во планираните расходи пред и по изгласаните пренамени, односно ребаланси, како и тоа дека одредени потпрограми се завршени со нивната реализација како на пример Потпрограмата 1Г. Интегриран здравствен информатички систем за која во 2014 и во 2015 година не се планирани никакви расходи. Сепак и во оваа програма, две потпрограми посебно се истакнуваат. Потпрограмата 1Б. Медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РМ има значителни промени во анализираниот период, во 2011 година со изгласаната пренамена планираните расходи се зголемени за 22 580 илјади денари, односно од 900 000 илјади денари на 922 580 илјади денари, што е зголемување за 2,51 %, во 2012 година оваа програма има зголемување на планираните расходи за 94,44 %, односно на 1 750 000 илјади денари кои по изгласаниот ребаланс се намалени за 50 000 денари, во 2013 година нема промени во оваа потпрограма и планираните расходи се малку намалени во однос на 2012 година за во 2014 година изгласаниот Буџет повторно да се намали за 723 495 илјади денари во однос на 2012 година и изнесуваше 1 026 505 илјади денари, но со изгласаниот ребаланс планираните расходи се намалени за 171 590 илјади денари или за 16,72 %, за во 2015 година изгласаните расходи да претрпат значително намалување на 423 000 илјади денари кои остануваат непроменети по изгласаниот ребаланс. Кај Потпрограмата 10. Администрација ситуацијата е малку поразлична затоа што во периодот од 2011 до 2013 година изгласаните расходи континуирано се зголемуваат за во 2014 година да имаат значително намалување кое повторно значително се зголемува во 2015 година. Во 2011 година планираните расходи на Потпрограмата 10. Администрација од 158 803 илјади денари со изгласаната пренамена се зголемуваат за 0,87 %, односно изнесуваат 160 184 илјади денари, во 2012 година планираните расходи се зголемени за 20 255 илјади денари во однос на 2011 година, но потоа со ребалансот на Буџетот на РМ тие се намалени за 13 766 илјади денари и изнесуваат 165 292 илјади денари. Во 2013 година имаме повторно зголемување на планираните расходи, но во овој случај со изгласаниот ребаланс на Буџетот на РМ тие се зголемени за 17,03 %, односно за 32 989 илјади денари, во 2014 година првично изгласаните расходи на оваа потпрограма се значително намалени и тоа за 90 063 илјади денари и изнесуваат 103 605 илјади денари, кои потоа со изгласаниот ребаланс повторно се зголемени за 21 498 илјади денари или 20,75 %, т. е. изнесуваат 125 103 илјади денари, додека пак во 2015 година оваа потпрограма повторно има зголемување на планираните расходи во износ од 188 576 илјади денари, но со изгласаниот ребаланс таа повторно се зголемува за 215,15 % или 217 144 илјади денари при што планираните расходи на оваа потпрограма изнесуваат 405 720 илјади денари.

Анализа на буџетот
и реализација
на средствата на
министерството за
здравство за период
2011 – 2015

# Реализација
## НА СРЕДСТВА

Реализацијата на средствата на Централниот буџет по буџетски корисници во периодот од 2011 година до 2015 година е многу неконстантна[11]. Во 2011 година реализацијата е 92,82 % од одобрените пренамени, односно потрошени се 8 635 716 илјади денари помалку. Единствена година во овој анализиран период во која се реализирани повеќе средства и од првично одобрените и од средствата предвидени се одобрениот ребаланс е 2012 година. Во 2012 година реализирани се 127 676 752 илјади денари што е за 6,46 % (7 751 602 илјади денари) повеќе од предвидените расходи со изгласаниот ребаланс. Во 2013 и во 2014 година имаме речиси идентична ситуација, планираните расходи по изгласаните ребаланси се речиси исти, како и реализацијата на средствата. Во 2013 година реализирани се 94,50 % од планираните расходи, додека пак во 2014 година 94,67 %. Планираните расходи во 2015 година се најголеми во овој анализиран период, исто и реализираните средства. Во 2015 година реализирани се 160 389 662 илјади денари, што е 96,04 % реализација во однос на планираните расходи.

11 Забелешка: Реализацијата на средства се зема во однос на последниот одобрен буџет.

*Табела бр. 4*

Реализација на средства на Централниот буџет по буџетски корисници
за период од 2011 до 2015 година (во илјади денари)

| Година | Изгласан Буџет | Ребаланс/ пренамени | **Реализација** | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 2011 | 120.222.256 | 120.222.256 | 111.586.540 | 8.635.719 |
| 2012 | 125.961.350 | 119.925.150 | 127.676.752 | -7.751.602 |
| 2013 | 136.887.374 | 139.932.976 | 132.237.812 | 7.695.164 |
| 2014 | 140.642.682 | 139.700.311 | 132.260.604 | 7.439.707 |
| 2015 | 157.616.781 | 166.999.560 | 160.389.662 | 6.609.898 |

Реализацијата на средствата кај Министерството за здравство е речиси идентична како и  реализацијата на средствата на Централниот буџет. Исто како и реализацијата на средствата на Централниот буџет, Министерството за здравство во 2012 година има поголема реализација на средства од планираните расходи. Реализацијата на средства на Министерството за здравство во однос на реализацијата на средства на Централниот буџет е приближно еднаква на односот на планирани расходи по изгласаните пренамени и ребаланси на Министерството за здравство во однос на планираните расходи по изгласаните пренамени и ребаланси на Централниот буџет на буџетските корисници. Така реализацијата на средствата на Министерството за здравство е 2,37 % во однос на реализацијата на средства на Централниот буџет во 2011 година, во периодот од 2012 и 2014 година е над 4 %, односно 4,34 %, 4,55 % и 4,20 %, додека пак во 2015 година изнесува 3,65 %.

Министерството за здравство, освен во 2012 година кога се реализирани 2,74 % повеќе од планираните расходи или 147 773 илјади денари повеќе, во другите години од анализираниот период се реализираат помалку средства од предвидените. Во 2011 година реализирани се 85,30 % од планираните расходи или 456 275 илјади денари помалку. Во периодот од 2013 до 2015 година реализацијата на средствата е над 90 %. Во 2013 година реализацијата е 94,07 % при што нереализирани се 379 508 илјади денари, додека пак во 2014 година реализацијата е 92,97 %, односно нереализирани се 420 182 илјади денари. Најголема реализација на средства има во 2015 година кога се реализирани 95,41 % од планираните расходи. Нормално, поради тоа што во 2015 година реализацијата на средствата е најголема, најмал е и износот на нереализирани средства (281 295 илјади денари).

Податоците за реализацијата на средствата по програми и потпрограми за периодот од 2011 до 2013 година се добиени како информации од јавен карактер од Министерството за здравство на Република Македонија. Врз основа на добиените податоци, вкупната реализација на средства на Министерството за здравство се разликува од податоците кои се објавени во завршната сметка на Буџетот на Република Македонија. Во согласност со добиените податоци, вкупната реализација на средства во

Табела бр. 5

Реализација на средства на Министерството за здравство по програми и потпрограми за период од 2011 до 2015 година (во илјади денари)

| Година | Изгласан Буџет | Ребаланс/ пренамени | Реализација | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 2011 | 3.128.808 | 3.104.708 | 2.648.433 | 456.275 |
| 2012 | 5.529.529 | 5.397.615 | 5.545.388 | -147.773 |
| 2013 | 5.977.749 | 6.397.806 | 6.018.298 | 379.508 |
| 2014 | 6.238.218 | 5.980.591 | 5.560.409 | 420.182 |
| 2015 | 5.932.704 | 6.132.124 | 5.850.829 | 281.295 |

2011 година на Министерството за здравство изнесувала 2 888 593 илјади денари, што е за 240 160 илјади денари повеќе од завршната сметка, додека пак во 2012 година на реализацијата на средствата изнесувала 5 673 782 илјади денари или 128 395 илјади денари повеќе од она што е прикажано во завршната сметка на Буџетот на Република Македонија.

Иако Министерството за здравство само во 2012 година од анализираниот период има поголема реализација од планираните расходи, на ниво на програми ситуацијата не е таква. Програмата 6. Куративна здравствена заштита за превенција постојано има поголема реализација од предвидената. Во 2011 година во Програмата 6. Куративна здравствена заштита за превенција има најголема реализација и тоа за 15,36 % повеќе од предвиденото (138 272 илјади денари повеќе). Во следниот период иако предвидените средства во оваа програма се значително зголемени, сепак има поголема реализација од предвидената иако во помал процент. Во сите други програми континуирано има помала реализација од предвидената (освен во Програма 1, Програма 2 и Програма 5 во 2012 година). Најмногу непотрошени средства има во програмите 1. Администрација и 5. Здравствена заштита, што е и нормално затоа што овие две програми (заедно со Програма 6. Куративна здравствена заштита за превенција) имаат најголем предвиден буџет. Во Програмата 1. Администрација реализацијата на средствата, освен во 2012 година кога реализацијата на средствата е за 4,32 % поголема или 101 410 илјади денари повеќе, се движи од 76,42 % во 2013 година кога има остаток од 631 990 денари до 93,20 % во 2015 година кога има остаток од 119 695 илјади денари. Во 2014 година реализацијата е 84,01 % со нереализирани средства во висина од 301 043 илјади денари, во 2011 година реализацијата е 87,26 % со нереализирани средства од 189 794 илјади денари, што е логично ако се има предвид дека во 2011 година се предвидени помалку средства во однос на останатиот период. Најмала реализација на средства во Програмата 5. Здравствена заштита има во 2011 година кога реализацијата на средства е

64,11 % при што нереализираните средства изнесуваат 178 037 илјади денари. Во 2012 година, единствената година во која оваа програма има реализирано повеќе средства од предвидените, реализацијата е за 12,76 % повеќе, односно реализирани се 39 143 илјади денари повеќе од предвидените. Во периодот од 2013 до 2015 година, реализацијата на средства во Програмата 5. Здравствена заштита е зголемена и процентот на реализација е над 80 %. Во 2013 година реализацијата на средства е 84,62 %, реализирани се 462 482 илјади денари од 546 523 илјади денари при што нереализирани се 84 081 илјади денари. Најголема реализација од 86,67 % има во 2014 година и во оваа година износот на нереализирани средства изнесува 59 848 илјади денари, додека пак во 2015 година реализацијата на средствата е повторно намалена на 81,30 % (нереализирани средства во износ од 136 713 илјади денари). Реализацијата на средствата во Програмата 3. Агенција за лекови се движи од 23,44 % во 2015 година до 81,72 % во 2014 година, додека пак износот на нереализирани средства се движи од 20 154 илјади денари во 2012 година до 82 239 илјади денари во 2015 година. Интересно е да се забележи дека иако во анализираниот период Програмата К. Реформа во јавната администрација постојано има буџет кој, иако е симболичен од 100 илјади денари, воопшто нема никаква реализација.

Поголемата реализација на средства од предвидената во Програмата 6. Куративна здравствена заштита за превенција во периодот од 2011 до 2015 година произлегува од само неколку потпрограми. Во 2011 и во 2012 година поголемата реализација во оваа програма произлегува, пред сè, од Потпрограмата 66. Целосно здравствено осигурување и здравствена заштита на граѓаните на РМ, додека пак во периодот од 2013 до 2015 година реализацијата на оваа програма е речиси 100 %. Зголемената реализација во 2013 и во 2014 година произлегува од зголемената реализација во Потпрограмата 67. Обезбедување на инсулин за инсулино-зависни пациенти во РМ и новововедената Потпрограма 69. Едукација на лекари и медицински персонал. Потпрограмата 69. Едукација на лекари и медицински персонал има зголемена реализација и во 2015 година исто како и во Потпрограмата 68. Болничко лекување без наплата на партиципација за пензионери со пензија пониска од просечната во РМ, но во 2015 година зголемената реализација на средства над предвидената најмногу потекнува од Потпрограмата 64. Партиципација за осигурени лица. Во другите потпрограми од Програмата 6. Куративна здравствена заштита за превенција во периодот од 2011 до 2015 година има нереализирани средства, односно реализацијата е помала од предвидената со исклучок на Потпрограмата 65. Лекување на ретки болести во 2011 година и Потпрограмата 62. Здравствена заштита на лица со болести на зависности во 2012 година и од таа причина износот на повеќе реализирани средства од предвидените на ниво на програма е помал од износот на повеќе реализирани средства од предвидените во наведените потпрограми. За разлика од Програмата 6. Куративна здравствена заштита за превенција, во Програмата 5. Здравствена заштита кај самите потпрограми, со исклучок на потпрограми-

## Табела бр. 6 Реализација на средства на Министерството за здравство по програми и потпрограми за период од 2011 до 2015 година (во илјади денари)

| | Назив на програма и потпрограми / Години | 2011 | | | 2012 | | | 2013 | | | 2014 | | | 2015 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика |
| **1.** | **АДМИНИСТРАЦИЈА** | **1.489.682** | **1.421.888** | **67.794** | **2.345.152** | **2.446.562** | **-101.410** | **2.679.960** | **2.389.371** | **290.589** | **1.882.641** | **1.581.598** | **301.043** | **1.760.122** | **1.640.427** | **119.695** |
| 10. | Администрација | 160.184 | 153.960 | 6.224 | 165.292 | 166.214 | -922 | 226.657 | 204.950 | 21.707 | 125.103 | 102.264 | 22.839 | 405.720 | 405.020 | 700 |
| 11. | Управа за електронско здравство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | 169 | -169 |
| 1А. | Реконструкција и доградба на објектите на ЈЗУ во РМ | 264.498 | 248.542 | 15.956 | 398.860 | 454.465 | -55.605 | 667.650 | 492.076 | 175.574 | 659.909 | 422.426 | 237.483 | 290.961 | 394.963 | -104.002 |
| 1Б. | Медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РМ | 922.580 | 928.103 | -5.523 | 1.700.000 | 1.700.000 | 0 | 1.657.553 | 1.557.249 | 100.304 | 854.915 | 814.052 | 40.863 | 423.000 | 397.000 | 26.000 |
| 1В. | Изградба на амбуланти во рурални подрачја | 9.190 | 4.912 | 4.278 | 7.000 | 4.286 | 2.714 | 7.800 | 1.595 | 6.205 | 1.700 | 0 | 1.700 | 2.000 | 0 | 2.000 |
| 1Г. | Интегриран здравствен информатички систем | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000 | 0 | 2.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1Д. | Имплементација на здравствена картичка | 41.070 | 29.024 | 12.046 | 50.000 | 100.032 | -50.032 | 41.000 | 77.211 | -36.211 | 45.000 | 45.000 | 0 | 2.800 | 92.087 | -89.287 |
| 1Е. | Изградба на дијагностички центар при клиничката болница во Тетово | 85.160 | 51.996 | 33.164 | 20.000 | 20.000 | 0 | 40.000 | 20.106 | 19.894 | 60.200 | 67.180 | -6.980 | 43.110 | 34.189 | 8.921 |
| 1Ј. | Изградба на ПЕТ центар | 7.000 | 5.350 | 1.650 | 4.000 | 1.564 | 2.436 | 37.300 | 36.184 | 1.116 | 135.814 | 130.676 | 5.138 | 359.156 | 252.398 | 106.758 |
| 1К. | Изградба на нов клинички центар во Скопје и Штип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 233.375 | 64.601 | 168.774 |
| **2.** | **ДРЖАВЕН, САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ** | **60.496** | **46.980** | **13.516** | **66.024** | **97.564** | **-31.540** | **130.737** | **107.590** | **23.147** | **21.540** | **20.351** | **1.189** | **0** | **0** | **0** |
| 20. | Државен, санитарен и здравствен инспекторат | 60.496 | 46.980 | 13.516 | 66.024 | 97.564 | -31.540 | 130.737 | 107.590 | 23.147 | 21.540 | 20.351 | 1.189 | 0 | 0 | 0 |
| 3. | АГЕНЦИЈА НА ЛЕКОВИ | 84.318 | 40.068 | 44.250 | 93.423 | 73.819 | 19.604 | 110.953 | 63.647 | 47.306 | 207.091 | 169.225 | 37.866 | 107.418 | 25.179 | 82.239 |
| 30. | Агенција за лекови | 84.318 | 40.068 | 44.250 | 93.423 | 73.819 | 19.604 | 110.953 | 63.647 | 47.306 | 207.091 | 169.225 | 37.866 | 107.418 | 25.179 | 82.239 |
| **4.** | **НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ТРАНСПЛАТАЦИЈА** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **30.000** | **211** | **29.789** | **30.000** | **17.207** | **12.793** |
| 40. | Национална програма за трансплатација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 211 | 29.789 | 30.000 | 17.207 | 12.793 |
| **5.** | **ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | **496.091** | **318.054** | **178.037** | **306.863** | **346.006** | **-39.143** | **546.523** | **462.482** | **84.041** | **449.039** | **389.191** | **59.848** | **731.069** | **594.356** | **136.713** |
| 50. | Превенција од кардиоваскуларни болести | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 6.492 | 3.508 | 8.000 | 7.995 | 5 | 23.000 | 26.966 | -3.966 |
| 51. | Систематски прегледи на учениците и студентите | 11.000 | 9.165 | 1.835 | 5.610 | 5.607 | 3 | 9.700 | 7.839 | 1.861 | 12.770 | 8.381 | 4.389 | 12.770 | 11.998 | 772 |
| 52. | Организирање и унапредување на крводарителството | 9.000 | 8.140 | 860 | 5.000 | 5.000 | 0 | 12.000 | 9.636 | 2.364 | 15.020 | 12.456 | 2.564 | 16.000 | 25.736 | -9.736 |
| 53. | Превентивна здравствена заштита | 80.000 | 54.350 | 25.650 | 42.000 | 41.816 | 184 | 60.000 | 51.107 | 8.893 | 55.000 | 53.711 | 1.289 | 58.000 | 61.621 | -3.621 |

| | Назив на програма и потпрограми / Години | 2011 | | | 2012 | | | 2013 | | | 2014 | | | 2015 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика |
| 54. | Задолжителна имунизација на населението | 207.000 | 163.291 | 43.709 | 87.000 | 87.000 | 0 | 270.000 | 165.303 | 104.697 | 120.000 | 117.763 | 2.237 | 300.000 | 240.000 | 60.000 |
| 55. | Испитување на појавата, рашireноста, спречувањето и сузивањето на бруцелозата кај луѓето | 4.000 | 1.898 | 2.102 | 2.000 | 1.798 | 202 | 2.000 | 1.994 | 6 | 1.500 | 999 | 501 | 2.500 | 1.759 | 741 |
| 56. | Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението | 58.232 | 15.552 | 42.680 | 53.512 | 63.086 | -9.574 | 56.899 | 67.295 | -10.396 | 73.144 | 46.740 | 26.404 | 109.524 | 53.659 | 55.865 |
| 57. | Заштита на населението од СИДА | 86.859 | 54.698 | 32.161 | 87.859 | 124.325 | -36.466 | 88.469 | 125.189 | -36.720 | 128.485 | 116.463 | 12.022 | 173.775 | 138.221 | 35.554 |
| 58. | Активна здравствена заштита на мајките и децата | 10.000 | 6.652 | 3.348 | 7.000 | 5.043 | 1.957 | 10.000 | 9.656 | 344 | 8.600 | 8.027 | 573 | 9.500 | 17.298 | -7.798 |
| 59. | Рана детекција на малигни заболувања | 30.000 | 4.308 | 25.692 | 16.882 | 12.331 | 4.551 | 27.455 | 17.971 | 9.484 | 26.520 | 16.655 | 9.865 | 26.000 | 17.099 | 8.901 |
| **6.** | **КУРАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА** | **900.000** | **1.038.272** | **-138.272** | **2.575.373** | **2.702.250** | **-126.877** | **2.917.655** | **2.987.166** | **-69.511** | **3.371.201** | **3.390.528** | **-19.327** | **3.480.000** | **3.557.464** | **-77.464** |
| 60. | Здравје за сите | 3.000 | 1.771 | 1.229 | 2.000 | 1.557 | 443 | 2.000 | 1.738 | 262 | 4.000 | 3.681 | 319 | 6.000 | 5.750 | 250 |
| 61. | Здравствена заштита на лица со душевни растројства | 53.000 | 19.925 | 33.075 | 33.350 | 31.396 | 1.954 | 36.000 | 36.000 | 0 | 60.000 | 58.936 | 1.064 | 43.000 | 43.000 | 0 |
| 62. | Здравствена заштита на лица со болести на зависности | 65.000 | 55.464 | 9.536 | 41.000 | 42.789 | -1.789 | 55.000 | 54.989 | 11 | 77.000 | 74.104 | 2.896 | 78.000 | 77.999 | 1 |
| 63. | Здравствена заштита на болни кои се третираат со дијализа | 20.000 | 8.507 | 11.493 | 5.423 | 5.400 | 23 | 7.000 | 7.000 | 0 | 9.000 | 9.000 | 0 | 30.000 | 17.843 | 12.157 |
| 64. | Партиципација за осигурени лица | 44.000 | 13.345 | 30.655 | 24.000 | 24.000 | 0 | 35.000 | 30.874 | 4.126 | 108.201 | 107.727 | 474 | 82.000 | 255.996 | -173.996 |
| 65. | Лекување на ретки болести | 50.000 | 74.918 | -24.918 | 42.000 | 41.114 | 886 | 50.300 | 50.250 | 50 | 80.000 | 75.154 | 4.846 | 190.000 | 154.880 | 35.120 |
| 66. | Целосно здравствено осигурување и здравствена заштита на граѓаните на РМ | 165.000 | 403.857 | -238.857 | 1.963.000 | 2.091.395 | -128.395 | 2.130.355 | 2.130.354 | 1 | 2.106.000 | 2.105.961 | 39 | 2.206.000 | 2.206.000 | 0 |
| 67. | Обезбедување на инсулин за инсулино-зависни пациенти во РМ | 500.000 | 460.485 | 39.515 | 464.600 | 464.600 | 0 | 545.000 | 621.255 | -76.255 | 830.000 | 849.998 | -19.998 | 730.000 | 638.227 | 91.773 |
| 68. | Болничко лекување без наплата на партиципација за пензионери со пензија пониска од просечната во РМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37.000 | 23.610 | 13.390 | 47.000 | 46.966 | 34 | 35.000 | 58.900 | -23.900 |
| 69. | Едукација на лекари и медицински персонал | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 31.096 | -11.096 | 50.000 | 59.001 | -9.001 | 80.000 | 98.870 | -18.870 |
| **7.** | **ДЕТЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ** | **9.817** | **7.180** | **2.637** | **9.476** | **7.022** | **2.454** | **9.878** | **6.670** | **3.208** | **12.029** | **7.142** | **4.887** | **14.950** | **9.055** | **5.895** |
| 71. | Детекција за радијациона сигурност | 9.817 | 7.180 | 2.637 | 9.476 | 7.022 | 2.454 | 9.878 | 6.670 | 3.208 | 12.029 | 7.142 | 4.887 | 14.950 | 9.055 | 5.895 |

| Назив на програма и потпрограми / Години | 2011 | | | 2012 | | | 2013 | | | 2014 | | | 2015 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика | Изгласан буџет | Ребаланс / Пренамени | Разлика |
| **8. ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ДЕКАДАТА И СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИТЕ** | **204** | **0** | **204** | **1.204** | **560** | **644** | **2.000** | **1.371** | **629** | **3.500** | **1.395** | **2.105** | **3.500** | **2.775** | **725** |
| 80. Поддршка на имплементацијата на декадата и стратегијата за ромите | 204 | 0 | 204 | 1.204 | 560 | 644 | 2.000 | 1.371 | 629 | 3.500 | 1.395 | 2.105 | 3.500 | 2.775 | 725 |
| 9. АГЕНЦИЈА ЗА АКРЕДИТАЦИЈА | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.450 | 768 | 2.682 | 4.965 | 4.367 | 598 |
| 91. Агенција за акредитација | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.450 | 768 | 2.682 | 4.965 | 4.367 | 598 |
| **И. РЕФОРМА ВО ЗДРАВСТВОТО** | **64.000** | **16.151** | **47.849** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| ИА Реформа во здравството | 64.000 | 16.151 | 47.849 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **К. РЕФОРМА ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА** | **100** | **0** | **100** | **100** | **0** | **100** | **100** | **0** | **100** | **100** | **0** | **100** | **100** | **0** | **100** |
| К2. Стручно оспособување и усовршување | 100 | 0 | 100 | 100 | 0 | 100 | 100 | 0 | 100 | 100 | 0 | 100 | 100 | 0 | 100 |
| ВКУПНО | 3.104.708 | 2.888.593 | 216.115 | 5.397.615 | 5.673.782 | -276.167 | 6.397.806 | 6.018.298 | 379.508 | 5.980.591 | 5.560.409 | 420.182 | 6.132.124 | 5.850.829 | 281.295 |

те 56. Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението и 57. Заштита на населението од СИДА, во 2012 и во 2013 година и четири потпрограми во 2015 година (50. Превенција од кардиоваскуларни болести, 52. Организирање и унапредување на крводарителството, 53. Превентивна здравствена заштита и 58. Активна здравствена заштита на мајките и децата) нема поголема реализација на средства од предвидената. Сепак и поголемата реализација на средства од предвидените кај овие потпрограми во 2015 година е со износ значително помал од потпрограмите во Програмата 6. Куративна здравствена заштита за превенција. Карактеристично кај потпрограмите од Програмата 5. Здравствена заштита е што реализацијата на средствата е ретко 100 % или приближно 100 % и што во континуитет кај самите потпрограми остануваат нереализирани средства кои кај некои потпрограми се и во поголеми износи. Така во Потпрограмата 54. Задолжителна имунизација на населението во 2011 година има нереализирани средства во износ од 43 709 илјади денари, во 2013 година износот е 107 697 илјади денари, во 2014 година износот е 2 237 илјади денари и во 2015 година износот на нереализирани средства во оваа потпрограма е 60 000 илјади денари. Значителни износи на нереализирани средства има и во Потпрограмата 59. Рана детекција на малигни заболувања кои се движат од 4 551 илјади денари во 2012 година до 25 692 илјади денари во 2011 година. Големи износи на нереализирани средства во 2011, во 2014 и во 2015 година има во потпрограмите 56. Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај

населението и 57. Заштита на населението од СИДА. Во 2012 и во 2013 година овие две потпрограми имаат поголема реализација од предвидената. Реализацијата на средствата во Потпрограмата 56. Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во 2012 година е за 17,89 % (9 574 илјади денари) поголема од предвидената, додека пак во 2013 година е за 18,27 % (10 396 илјади денари) поголема од предвидената. Кај Потпрограмата 57. Заштита на населението од СИДА, реализацијата на средствата во 2012 и во 2013 година е за 41,51 % поголема од предвидената при што во 2012 година повеќе реализираните средства во номинален износ изнесуваат 36 466 илјади денари, додека пак во 2013 година 36 720 илјади денари. Процентуално најмала реализација на средства кај Потпрограмата 56. Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението е во 2011 година кога се реализирани само 26,71 % при што нереализираните средства изнесуваат 42 680 илјади денари. Најмалку нереализирани средства кај оваа потпрограма има во 2014 година и тоа во износ од 26 404 илјади денари (реализацијата на средства е 63,90 %), додека пак во 2015 година има најмногу нереализирани средства и тоа во износ од 55 865 илјади денари иако реализацијата на средства е само 48,99 %. Најмал износ на нереализирани средства кај Потпрограмата 57. Заштита на населението од СИДА има во 2014 година при што нереализирани се 12 022 илјади денари, додека пак во 2011 и во 2015 година нереализираните средства изнесуваат 32 161 и 35 554 илјади денари. Во Програмата 1. Администрација каде што се вклучени развојните програми на Министерството за здравство нереализираните средства најчесто потекнуваат од потпрограми кои предвидуваат изградба, реконструкција, доградба или пак набавка на опрема. Тоа се најчесто потпрограмите: 1А. Реконструкција и доградба на објектите на ЈЗУ во РМ, 1Б. Медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РМ, 1В. Изградба на амбуланти во рурални подрачја, 1Е. Изградба на дијагностички центар при Клиничката болница во Тетово, 1Ј. Изградба на ПЕТ центар и 1К. Изградба на нов клинички центар во Скопје и Штип. И во Потпрограмата 10. Администрација има нереализирани средства, најмногу нереализирани средства има во 2013 и во 2014 година кога не се реализирани 21 707 илјади денари, односно 22 839 илјади денари. Интересно е да се спомне дека во 2015 година, во Програмата 1. Администрација е воведена нова потпрограма, Потпрограмата 11. Управа за електронско здравство за која има реализација на средства, но нема предвидено расходи ниту во првично изгласаните планирани расходи ниту пак во изгласаниот ребаланс. Во Програмата 3. Агенција за лекови која се состои од една единствена Потпрограма 30. Агенција за лекови, во целиот анализиран период има нереализирани средства, реализацијата на средствата се движи од 23,44 % во 2015 година до 81,72 % во 2014 година. Во 2011 година не се реализирани средства во износ од 44 250,00 илјади денари, во 2012 година нереализираните средства изнесуваат 19 604 илјади денари, во 2013 година 47 306 илјади денари, во 2014 година 37 866 илјади денари и во 2015 година нереализираните средства изнесуваат 82 239 илјади денари.

# Ситуација
## ВО 2016 И ВО 2017 ГОДИНА

Првично изгласаните расходи[12] на Министерството за здравство за 2016 година се најголеми во однос на анализираниот период 2011 – 2015 година. Но, во текот на годината изгласани се два ребаланси на Централниот буџет со што и самите планирани расходи на Министерството за здравство претрпуваат промени со тоа што тие постепено се намалуваат за по вториот ребаланс да се намалат за 609 270 илјади во однос на првично изгласаните расходи и планираните расходи да изнесуваат 5 887 719 илјади денари. Со измените во 2016 и во 2017 година планираните расходи на Министерството за здравство се вратени на нивото од пред 2013 година. Намалувањето на планираните расходи на Министерството за здравство не е во согласност со планираните расходи на Централниот буџет по буџетски корисници, кои со последниот ребаланс во 2016 година во однос на 2015 година се зголемени за 9 410 809 илјади денари, а во 2017 година во однос на 2015 година се поголеми за 13 670 524 илјади денари.

Кога подетално ќе се разгледаат планираните расходи на Министерството за здравство по програми и потпрограми ќе се забележи дека речиси во сите програми има намалување на планираните расходи во однос на 2015 година, освен во програмите: 3. Агенција за

12 За период 2016 и 2017 година може да се разгледуваат само планираните расходи поради тоа што оваа анализа е издадена на самиот почеток на 2017 година

## Табела бр. 7

Планирани расходи на Министерството за здравство за 2016 и за 2017 година (во илјади денари)

| Година | Изгласан Буџет | Ребаланс бр. 1 | Ребаланс бр. 2 |
|---|---|---|---|
| 2016 | 6.496.989 | 5.915.777 | 5.887.719 |
| 2017 | 5.596.159 | / | / |

лекови (во 2016 година има зголемување за 830 илјади денари, а во 2017 година 21 412 илјади денари), 6. Куративна здравствена заштита (зголемување во 2016 година за 51 246 илјади денари, додека пак во 2017 година зголемувањето е за 16 049 илјади денари); Програмата 9. Агенција за акредитација (во 2016 година зголемувањето изнесува 374 илјади денари, во 2017 година зголемувањето во однос на 2015 година е 3 785 илјади денари) и во Програмата 7. Детекција за радијациона сигурност, но само во 2016 година кога има зголемување на планираните расходи во однос на 2015 година за 38 илјади денари.

Во Програмата 1. Администрација најмногу намалување на планираните расходи има во Потпрограмата 10. Администрација и тоа за 193 645 илјади денари во 2016 година во однос на 2015 година и 192 321 илјади денари во 2017 година во однос на 2015 година. Намалување на планираните расходи во 2016 и во 2017 година во однос на 2015 година има и во Потпрограмата 1Б. Медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РМ и тоа за 156 000 илјади денари во 2016 година и за 266 000 илјади денари во 2017 година. Слична е и ситуацијата со Потпрограмата 1Ј. Изградба на ПЕТ центар која е намалена за 185 378 илјади денари во 2016 година во однос на 2015 година и 250 470 илјади денари во 2017 година во однос на 2015 година. Во Програмата 10. Администрација, и покрај намалувањето на вкупните планирани расходи, во 2016 година воведени се две нови потпрограми, и тоа Потпрограмата 11. Управа за електронско здравство која во 2015 година имаше реализација на средства, но немаше одобрен буџет и Потпрограмата 12. Центар за традиционална кинеска медицина. Во Програмата 5. Здравствена заштита најмногу намалување на планираните расходи има во Потпрограмата 54. Задолжителна имунизација на населението каде што во 2016 година во однос на 2015 година има намалување за 60 000 илјади денари, додека пак во 2017 година во однос на 2015 година има намалување за 120 000 илјади денари. Намалување има и во Потпрограмата 57. Заштита на населението од СИДА и тоа за 17 233 илјади денари во 2016 година во однос на 2015 година и намалување од 100 010 илјади денари во 2017 година во однос на 2015 година. Во Програмата 6. Куративна здравствана заштита најмногу намалување има во Потпрограмата 67. Обезбедување на инсулин за инсулино-зависни пациенти во РМ каде што намалувањето на планираните расходи во 2016 година е за 114 433 илјади во однос на 2015 година и за 110 000 илјади денари во 2017 година во однос на 2015 година.

Табела бр. 8

**Планирани расходи на Министерството за здравство по програми и потпрограми за 2016 и за 2017 година (во илјади денари)**

| Назив на програма и потпрограми / Години | | 2016 | | | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Изгласан буџет | Ребаланс бр. 1 | Ребаланс бр. 2 | Изгласан буџет |
| **1.** | **АДМИНИСТРАЦИЈА** | **1.844.858** | **1.565.883** | **1.542.258** | **1.377.234** |
| 10. | Администрација | 234.234 | 212.075 | 212.075 | 213.399 |
| 11. | Управа за електронско здравство | 12.226 | 9.262 | 9.262 | 10.100 |
| 12. | Центар за традиционална кинеска медицина | 0 | 6.400 | 6.400 | 11.629 |
| 1А. | Реконструкција и доградба на објектите на ЈЗУ во РМ | 427.560 | 395.348 | 392.123 | 281.770 |
| 1Б. | Медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РМ | 197.000 | 267.000 | 267.000 | 157.000 |
| 1В. | Изградба на амбуланти во рурални подрачја | 1.500 | 100 | 100 | 500 |
| 1Г. | Интегриран здравствен информатички систем | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1Д. | Имплементација на здравствена картичка | 2.200 | 660 | 660 | 500 |
| 1Е. | Изградба на дијагностички центар при клиничката болница во Тетово | 120.100 | 103.100 | 103.100 | 72.000 |
| 1Ј. | Изградба на ПЕТ центар | 216.878 | 187.778 | 173.778 | 108.686 |
| 1К. | Изградба на нов клинички центар во Скопје и Штип | 633.160 | 384.160 | 377.760 | 521.650 |
| **2.** | **ДРЖАВЕН, САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 20. | Државен, санитарен и здравствен инспекторат | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **3.** | **АГЕНЦИЈА НА ЛЕКОВИ** | **89.970** | **90.800** | **90.800** | **128.830** |
| 30. | Агенција за лекови | 89.970 | 90.800 | 90.800 | 128.830 |
| **4.** | **НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ТРАНСПЛАТАЦИЈА** | **28.000** | **20.800** | **20.800** | **10.000** |
| 40. | Национална програма за трансплатација | 28.000 | 20.800 | 20.800 | 10.000 |
| **5.** | **ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | **766.502** | **679.582** | **679.582** | **558.341** |
| 50. | Превенција од кардиоваскуларни болести | 35.000 | 35.000 | 35.000 | 23.000 |
| 51. | Систематски прегледи на учениците и студентите | 12.770 | 10.770 | 10.770 | 9.770 |
| 52. | Организирање и унапредување на крводарителството | 16.000 | 16.000 | 16.000 | 14.000 |
| 53. | Превентивна здравствена заштита | 58.000 | 48.000 | 48.000 | 46.000 |
| 54. | Задолжителна имунизација на населението | 300.000 | 240.000 | 240.000 | 180.000 |
| 55. | Испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузивањето на бруцелозата кај луѓето | 2.500 | 1.500 | 1.500 | 2.000 |
| 56. | Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението | 140.190 | 140.190 | 140.190 | 182.306 |
| 57. | Заштита на населението од СИДА | 166.542 | 156.542 | 156.542 | 73.765 |
| 58. | Активна здравствена заштита на мајките и децата | 9.500 | 9.500 | 9.500 | 10.500 |
| 59. | Рана детекција на малигни заболувања | 26.000 | 22.080 | 22.080 | 17.000 |
| **6.** | **КУРАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА** | **3.745.000** | **3.535.679** | **3.531.246** | **3.496.049** |
| 60. | Здравје за сите | 6.000 | 6.000 | 6.000 | 5.000 |
| 61. | Здравствена заштита на лица со душевни растројства | 43.000 | 43.000 | 43.000 | 39.000 |
| 62. | Здравствена заштита на лица со болести на зависности | 78.000 | 68.000 | 68.000 | 72.000 |
| 63. | Здравствена заштита на болни кои се третираат со дијализа | 30.000 | 20.000 | 20.000 | 13.000 |

| | Назив на програма и потпрограми / Години | 2016 | | | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Изгласан буџет | Ребаланс бр. 1 | Ребаланс бр. 2 | Изгласан буџет |
| 64. | Партиципација за осигурени лица | 82.000 | 71.679 | 71.679 | 70.000 |
| 65. | Лекување на ретки болести | 203.000 | 154.000 | 154.000 | 210.000 |
| 66. | Целосно здравствено осигурување и здравствена заштита на граѓаните на РМ | 2.438.000 | 2.440.000 | 2.440.000 | 2.353.549 |
| 67. | Обезбедување на инсулин за инсулино-зависни пациенти во РМ | 730.000 | 620.000 | 615.567 | 620.000 |
| 68. | Болничко лекување без наплата на партиципација за пензионери со пензија пониска од просечната во РМ | 55.000 | 46.000 | 46.000 | 48.000 |
| 69. | Едукација на лекари и медицински персонал | 80.000 | 67.000 | 67.000 | 65.500 |
| **7.** | **ДЕТЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ** | **14.988** | **14.988** | **14.988** | **13.855** |
| 71. | Детекција за радијациона сигурност | 14.988 | 14.988 | 14.988 | 13.855 |
| **8.** | **ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ДЕКАДАТА И СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИТЕ** | **2.500** | **2.500** | **2.500** | **3.000** |
| 80. | Поддршка на имплементацијата на декадата и стратегијата за ромите | 2.500 | 2.500 | 2.500 | 3.000 |
| **9.** | **АГЕНЦИЈА ЗА АКРЕДИТАЦИЈА** | **5.121** | **5.495** | **5.495** | **8.750** |
| 91. | Агенција за акредитација | 5.121 | 5.495 | 5.495 | 8.750 |
| **И.** | **РЕФОРМА ВО ЗДРАВСТВОТО** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| ИА | Реформа во здравството | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **К.** | **РЕФОРМА ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА** | **50** | **50** | **50** | **100** |
| К2. | Стручно оспособување и усовршување | 50 | 50 | 50 | 100 |
| | ВКУПНО | 6.496.989 | 5.915.777 | 5.887.719 | 5.596.159 |

# Заклучок

Буџетот на Република Македонија, односно планираните расходи на Централниот буџет на буџетските корисници во периодот од 2011 година до 2015 година постојано се зголемува. Исто како и Буџетот на Република Македонија и буџетот, односно планираните расходи на Министерството за здравство во периодот од 2011 година до 2015 година постојано се зголемуваат, но не во ист сооднос секоја година. Буџетот, односно планираните расходи на Министерството за здравство се движат од 2,60 % до 4,40 % од планираните расходи на Централниот буџет на буџетските корисници. По извршените пренамени и ребаланси во периодот од 2011 година до 2015 година, планираните расходи на Министерството за здравство се движат од 2,58 % до 4,57 % во однос од планираните расходи на Централниот буџет.

Во самиот буџет на Министерството за здравство во анализираниот период може да се забележи дека најмногу средства се одвојуваат за Програмата 6. Куративна здравствена заштита за која на годишно ниво по извршените пренамени и ребаланси се движи од 47,71 % до 56,75 % од вкупниот буџет на Министерството за здравство. За Програмата 10. Администрација на планираните расходи се движат од 28,70 % до 43,45 % од вкупно планираните расходи на Министерството за здравство, додека пак за Програмата 5. Здравствена заштита планираните расходи се движат од 5,69 % до 11,29 % од вкупно планираните расходи на Министерството за здравство. Со направеното зголемување на планираните расходи во 2012 година најголемо

зголемување е направено во Потпрограмата 66. Целосно здравствено осигурување и здравствена заштита на граѓаните на РМ, во периодот од 2012 до 2015 година буџетот на оваа програма е од 47,71 % до 56,75 % од вкупниот буџет на Министерството за здравство. За разлика од Потпрограмата 66. Целосно здравствено осигурување и здравствена заштита на граѓаните на РМ, за Потпрограмата 57. Заштита на населението од СИДА, која е предмет на интерес на оваа анализа, планираните расходи се движат меѓу само 1,25 % до 2,83 % од вкупно планираните расходи на Министерството за здравство. При буџетирање, планирање на расходите на програмите и потпрограмите на Министерството за здравство не постои конзистентност. Не само што постојат големи флуктуации од година во година туку и постојат флуктуации и при пренамените и ребалансите, па така во некои години има намалување на планираните расходи на Министерството за здравство (2011, 2012 и 2014 година), додека пак во некои години има зголемување (2013 и 2015 година).

За разлика од реализацијата на средствата на Централниот буџет по буџетски корисници во периодот од 2011 до 2015 година, која по изгласаните промени и ребаланси се движи од 92,82 % (во 2011 година) до 106,46 % (во 2012 година), реализацијата на средствата на Министерството за здравство е од 92,97 % (во 2014 година до 105,12 % (во 2012 година)) од предвидените расходи. Во номинални износи нереализираните средства на Министерството за здравство, во однос на изгласаните пренамени и ребаланси, во периодот од 2011 до 2015 година (со исклучок на 2012 година) се движат од 216 115 илјади денари во 2011 година до 420 182 илјади денари во 2014 година.

Подеталната анализа на реализацијата на средствата на Министерството за здравство на ниво на програми и на програми во периодот од 2011 година до 2015 година покажува дека иако за Програмата 6. Куративна здравствена заштита за превенција се одвојуваат повеќе од 50 % од вкупно планираните средства на Министерството за здравство, во континуитет се реализираат средства во поголем износ од одобрените и тоа само во неколку потпрограми, додека другите потпрограми од оваа програма имаат помала реализација на средства од предвидената. Реализацијата на средствата во другите програми во анализираниот период е секогаш помала од одобрените расходи, додека пак во самите потпрограми поголемата реализација од одобрените расходи е речиси исклучок затоа што единствено во програмите 1. 2. и 5. во 2012 година и само во четири потпрограми во 2015 година има поголема реализација на средства од одобрената. Карактеристично е да се наведе дека иако во Програмата 5. Здравствена заштита, во потпрограмите 56. Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението и во 57. Заштита на населението од СИДА, во 2011, во 2014 и во 2015 година останиваат нереализирани средства кои потекнуваат од неискористените донации. Потпрограмите 56. Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението и 57. Заштита на населението од СИДА се финансираат со средства обезбедени од „Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија“. Средствата кои се обезбедени од „Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија“ претставуваат во просек околу 90 % од вкупно планираните буџети на овие две потпрограми. При тоа треба да се земе предвид дека донациите обезбедени од

„Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија“ во 2011, во 2012 и во 2015 година претставуваат околу 99 % од вкупните донации во Министерството за здравство.

Во воведниот дел беше наведена реалната состојба со која се соочуваат програмите за намалување на штети преку кои се обезбедуваат здравствени, социјални, правни, психолошки и други услуги за луѓето кои употребуваат дроги во Македонија. За исполнување на обврската која произлегува од договорот склучен меѓу Република Македонија и „Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија“, од 1 јули 2017 година, на годишно ниво Република Македонија треба да обезбеди меѓу 27 392 илјади денари и 34 857 илјади денари во зависност од моделот на финансирање кој би го избрала (минимален или оптимален модел на финансирање). Доколку од планираните расходи на Министерството за здравство се одземат планираните донирани средства од „Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија“ во потпрограмите 56. Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението и 57. Заштита на населението од СИДА, потребните 27 392 илјади денари за минималниот модел на финансирање на програмите за намалување на штети, во периодот од 2012 година (кога има значително зголемување на планираните расходи во однос на 2011 година) до 2015 година претставуваат само 0,44 % до 0,52 % од вкупно планираните расходи на Министерството за здравство, додека пак потребните 34 857 илјади денари за оптималниот модел во периодот од 2012 до 2015 година претставуваат од 0,58 % до 0,66 % од вкупно планираните расходи на Министерството за здравство. Слична е ситуацијата и доколку се земат предвид потребните средства за намалување на штети во однос на реализираните средства на Министерството за здравство. Во периодот од 2012 до 2015 година, потребните средства за минималниот модел би претставувале од 0,47 % (во 2013 и во 2015 година) до 0,50 % во 2012 година, додека пак потребните средства за оптималниот модел би претставувале 0,60 % (во 2013 и во 2015 година) до 0,63 % (во 2012 и во 2014 година) од вкупно реализираните средства на Министерството за здравство. Доколку се земе предвид износот на нереализирани средства (со исклучок на потпрограмите 56. Превентивни мерки за спречување на туберкулозата и 57. Заштита на населението од СИДА), тогаш потребните средства за финансирање на програмите за намалување на штети, во согласност со оптималниот модел, претставуваат 8,17 % од нереализираните средства во 2013 година, 9,13 % во 2014 година и 18,36 % од нереализираните средства во 2015 година.

Од наведените податоци може да се заклучи дека обезбедувањето средства за функционирање на програмите за намалувањето на штети во Република Македонија не би требало да претставува проблем за Владата на Република Македонија, дури ниту за самото Министерство за здравство. Потребните средства од 34 857 илјади денари, според оптималниот модел за финансирање на програмите на штети, претставуваат само 0,03 % од вкупно планираните расходи на Централниот буџет на Република Македонија по буџетски корисници во 2011 година (кога планираните расходи на Централниот буџет на Република Македонија по буџетски корисници во овој анализиран период е најмал) или 0,02 % во 2015 година

кога Централниот буџет на Република Македонија по буџетски корисници е најголем во овој анализиран период исто како што овој износ претставува околу 0,60 % од вкупно планираните расходи на Министерството за здравство. Воопшто не е потребно овој проблем, односно обврска да биде на Владата на Република Македонија, туку единствено на Министерството за здравство. Единствено што е потребно да се преземе е подобро планирање на предвидените расходи во рамките на самите програми и потпрограми на Министерството за здравство. Така на пример, не е возможно планираните расходи во потпрограмите во Програмата 5. во 2012 година да бидат еднакви на планираните расходи во самите потпрограми по извршените пренамени во 2011 година. Следен пример е Програмата 3. Агенција за лекови каде што постојано остануваат нереализирани средства, средства кои се доволни за финансирање во целост на програмите за намалување на штети. Доколку не се земат предвид развојните потпрограми на Министерството за здравство, значајни износи на нереализирани средства покрај Потпрограмата 30. Агенција за лекови во 2013 година има кај потпрограмите: 10. Администрација, 20. Државен, санитарен и здравствен инспекторат, 54. Задолжителна имунизација на населението, 68. Болничко лекување без наплата на партиципација за пензионери со пензија пониска од просечната во РМ; во 2014 година кај потпрограмите: 10. Администрација, 40. Национална програма за трансплатација; во 2015 година: 40. Национална програма за трансплатација, 54. Задолжителна имунизација на населението, 63. Здравствена заштита на болни кои се третираат со дијализа, 64. Партиципација за осигурени лица, 67. Обезбедување на инсулин за инсулино-зависни пациенти во РМ.

Според оптималниот модел за финансирање на програмите за намалување на штети, потребните средства за нивното финансирање изнесуваат 34  857 илјади денари, што претставува приближно 0,60 % од вкупно планираните расходи на Министерството за здравство или приближно десетина проценти од нереализираните средства на Министерството за здравство. Во согласност со ова, потребните средства за финансирање на програмите за намалување на штети не би требало да претставуваат товар на самото Министерство. Ова е интересно ако се земе предвид дека во 2016 и во 2017 година се воведени две нови потпрограми со планирани расходи поголеми од 20 000 илјади денари. Воведувањето на овие нови две потпрограми во период кога вкупно планираните расходи на Министерството за здравство се намалени дава сигнал дека Министерството за здравство е способно да ги финансира програмите за намалување на штети и во следниот период. Намалувањето на планираните расходи во некои потпрограми или во комбинација на неколку потпрограми во исти или во различни програми во кои има нереализирани средства би биле доволни за обезбедување средства за финансирање на програмите за намалување на штети. Иако со само мали корекции при планирањето на буџетите, финансирањето на програмите за намалување на штети е возможно, нејасен е фактот зошто буџетот на програмите за намалување на штети е значително намален во 2017 година при што не се предвидени средства за финансирање на овие програми, а со тоа и не се почитуваат обврските кои произлегуваат од договорот меѓу „Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија“ и Владата на Република Македонија.

# БИБЛИОГРАФИЈА


Деков, Влатко. 2015. Иднината на програмите за намалување на штети од употреба на droги во Македонија: Анализа на активностите и буџетите на програмите за намалување на штети. Скопје: ХОПС – Опции за здрав живот Скопје.

Деков, Влатко, Лилјана Игњатова, Дарко Костовски, Христијан Јанкулоски и Марија Тошева. 2006. Намалување на штети и ХИВ. Скопје: ХОПС – Опции за здрав живот Скопје.

Димитриевски, Вања, Христијан Јанкулоски и Стефан Стефанов. Можности за одрживо финансирање на програмите за намалување на штети од употреба на дроги од Буџетот на Република Македонија. Скопје: Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, 2015.

Службен весник на Република Македонија. 64/05. Закон за буџетите. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 64, година LXI, 3 август 2005 година, стр. 2-18. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2005.

Службен весник на Република Македонија. 04/08. Закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 04, година LXIV, 10 јануари 2008 година, стр. 23-36. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2008.

Службен весник на Република Македонија. 103/08. Закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 103, година LXIV, 19 август 2008 година, стр. 107. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2008.

Службен весник на Република Македонија. 156/09. Закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 156, година LXV, 25 декември 2009 година, стр. 439-440. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2009.

Службен весник на Република Македонија. 95/10. Закон за дополнување на Законот за буџетите. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 95, година LXVI, 16 јули 2010 година, стр. 407-408. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2010.

Службен весник на Република Македонија. 161/10. Буџет на Република Македонија за 2011 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 161, година LXVI, 15 декември 2010 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2010.

Службен весник на Република Македонија. 128/11. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2011 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 128, година LXVII, 21 септември 2011 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2011.

Службен весник на Република Македонија. 180/11. Буџет на Република Македонија за 2012 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 180, година LXVII, 26 декември 2011 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2011.

Службен весник на Република Македонија. 71/12. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 71, година LXVIII, 7 јуни 2012 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2012.

Службен весник на Република Македонија. 114/12. Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2011 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 114, година LXVIII, 14 септември 2012 година, стр. 27-62. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2012.

Службен весник на Република Македонија. 167/12. Буџет на Република Македонија за 2013 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 167, година LXIX, 26 декември 2012 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2012.

Службен весник на Република Македонија. 171/12. Закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 171, година LXIX, 28 декември 2012 година, стр. 19-20. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2012.

Службен весник на Република Македонија. 152/13. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 152, година LXIX, 5 ноември 2013 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2013.

Службен весник на Република Македонија. 157/13. Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2012 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 157, година LXIX, 14 ноември 2013 година, стр. 3-37. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2013.

Службен весник на Република Македонија. 180/13. Буџет на Република Македонија за 2014 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 180, година LXIX, 23 декември 2013 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2013.

Службен весник на Република Македонија. 107/14. Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2013 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 107, година LXX, 16 јули 2014 година, стр. 3-36. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2014.

Службен весник на Република Македонија. 133/14. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 133, година LXX, 9 септември 2014 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2014.

Службен весник на Република Македонија. 155/14. Буџет на Република Македонија за 2015 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 155, година LXX, 24 октомври 2014 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2014.

Службен весник на Република Македонија. 108/15. Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2014 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 108, година LXXI, 29 јуни 2015 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2015.

Службен весник на Република Македонија. 144/15. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 144, година LXXI, 24 август 2015 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2015.

Службен весник на Република Македонија. 209/15. Буџет на Република Македонија за 2016 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 209, година LXXI, 26 ноември 2015 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2015.

Службен весник на Република Македонија. 128/16. Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2015 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 128, година LXXII, 12 јули 2016 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2016.

Службен весник на Република Македонија. 143/16. Изменување и дополнување на Буџет на Република Македонија за 2016 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 143, година LXXII, 1 август 2016 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2016.

Службен весник на Република Македонија. 179/16. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година Во: Службен весник на Република Македонија бр. 179, година LXXII, 26 септември 2016 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2016.

Службен весник на Република Македонија. 191/16. Буџет на Република Македонија за 2017 година. Во: Службен весник на Република Македонија бр. 191, година LXXII, 17 октомври 2016 година. Скопје. Службен весник на Република Македонија, 2016.